СЕКТОР ЗА ЛОЗАРСТВО, ВИНАРСТВО И ОВОШТАРСТВО

13 октомври, 2025

АРХИВСКИ БРОЈ: Уп I бр. 37-1440

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 44 и член 104 став (4) од Законот за виното ( "Службен весник на РСМ" бр. 74/24 и 208/24) на поднесеното барање под Уп I бр. 37-1440 од 08.10.2025 година на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Земјоделски институт - Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр. 3А Скопје, донесува

## РЕШЕНИЕ

### за овласување на лабараторија за вршење на физичко – хемиска анализа заради ставање на виното во промет

1. Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Земјоделски институт - Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр. 3А Скопје, СЕ ОВЛАСТУВА за вршење на физичко – хемиска анализа заради ставање на виното во промет.

2. Овластената лабараторија од точка 1 на ова решение, физичко – хемиската анализа на вино ја врши врз основа на методи за кои е акредитирана од страна на институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

## Образложение

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Земјоделски институт - Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр. 3А Скопје, поднесе барање под Уп I бр. 37-1440 од 08.10.2025 година за овластување на лабораторијата за вршење на физичко - хемиската анализа на виното заради ставање на виното во промет.

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Земјоделски институт - Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр. 3А Скопје, е овластен за вршење на физичко - хемиската анализа на виното заради ставање на виното во промет со Решение број 02-1651/1 од 21.02.2011 година и Уп I бр. 37-522 од 23.07.2020 година кое согласно член 104 став 2 од Законот за виното ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24 и 208/24), е должно да го усогласи работењето согласно со овој закон.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, го разгледа барањето со приложената документација согласно Законот за виното и записникот од Државниот инспекторат за земјоделство со бр. 08-61-324 од 07.10.2025 година


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

во кој се констатира исполнетоста на условите од членовите 3 и 4 од Правилникот за основните параметри кои се предмет на физичко-хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнуваат овластените лаборатории за вршење на физичко-хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет и начинот на издавање на овластувањето заршење на физичко-хемиска анализа на виното („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 196/25) и утврди дека Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Земјоделски институт - Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр. 3А Скопје, го усогласил работењето согласно законот за виното ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24 и 208/24) во пропишаниот рок и ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на физичко – хемиска анализа заради ставање на виното во промет.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Такса за ова решение во износ од 5000,00 денари под тарифен бр. 102 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 и 3/25) е наплатена.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од приемот на ова решени пред Управниот суд.

Министер,

Цветан Трипуновски

Изработил: Бобан Златковиќ
Контролира/Согласен: Борче Јоновски

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

| Примено: 28.10.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 632 | 1 | |


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015